МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМ. СКОПЈЕ

# ДАНКА ПЕТРОВСКА

## ИЗЛОЖБА

# СЛИКИ ЦРТЕЖИ

4-16-III-1974 ГОДИНА



*ДАНКА ПЕТРОВСКА*

*Родена е, 1946 во Скопје. Дипломира на „Академија за ликовни умгтности“ во Белград 1969, а постдипломски студии на истата „Академија“ 1971 во класата на професорот Младен Србиновиќ.*

*Студентски патувања: Италија, Англија, СССР, Грција, Париз.*

*Изложби: 1969 година — новопримени членови на УЛУС Белград. 1969 година — цртежи и ситна пластика — Белград, 1970 — Октобарски салон Белград, 1970 — Струмичка колонија — Струмица, 1971 — ликовни сусрети Суботица, 1972 — Октобарски салон Белград, 1972 — струмичка колонија — Струмица и Скопје, 1972 млада генерација ММСУ Скопје и 1973 — есенска изложба УЛУС Белград.*

*Награди: Прва награда за сликарство на „Академија“ во Фиренца 1973 г.*

*Данка Петровска негува своевиден богат колорит кој има особено значајна улога во сложените структури на нејзините слики. Улогата на интелектот и на инстиктот е подеднакво значајна во нејзиното творештво. Таа се доближила по своевиден пат кон проблемите на современата уметност. Извонреден е цртач.*

*Стојан ЧЕЛИК*

*Смелоста на Данка Петровска нè треба да се бара во нејзината склоност кон некоја пластична програма што е доминантна или што е штотуку откриена. Очигледно е дека оваа млада сликарка не спаѓа во оние што се спремни вредноста на уметничкото дело да ја мерат со неговата новина. Творечката смелост за неа лежи во определувањето кон стрпливото искажување и реинтерпретирање, на сеопфатното духовно наследство. „Бидејќи нејзината досегашна истражувачка работа се одвиваше во рамките на аналитичкото расчленување на формата, тоа верувам дека сега по неа ќе следи етапа на мирен пат кон синтезата во која таа ќе почувствува потреба да ги обедини професијата и хуманистичката идеја што и е својствена. (Младен Србиновиќ — 1971). Денеска може да се каже дека со својствен јазик збиено со синтетичка постапка таа ги соопштува низ своите слики сите оние пластични константи што можат да се најдат и што таа сама ги открива во големите примери на минатото. Притоа како што вели Младен Србиновиќ „Дарбата, работниот елан и ентузијазмот ја издвоија оваа млада сликарка од нејзината генерација и веќе сега во нејзината личност назираме посебни акценти, таа не се задоволува со она што го постигнала туку нејзината љубопитна интуиција оди понатаму“. Свртена кон минатото таа гледа во иднината која за неа не е испразност на една авантура туку сигурност на обновената верба во сликарството.*

*Живоин ТУРИНСКИ*

КАТАЛОГ НА СЛИКИ

1. Средба — масло — 1970
2. Модел — масло — 1971
3. Сликар — масло — 1972
4. Рут — масло — 1973
5. Вест — масло — 1972
6. Печка — масло — 1971
7. Патувања — масло — 1969
8. Фигура — масло — 1971
9. Столица — масло — 1973
10. Две фигури — масло — 1972
11. Архангел — масло — 1972
12. Жолта слика — масло — 1971
13. Портрет — масло — 1972
14. Слика — масло — 1973
15. Струмица — масло — 1972
16. Василка — масло — 1972
17. Ден — масло — 1972
18. Темна слика — масло — 1972
19. Фигури — масло — 1972
20. Композиција — масло — 1973
21. Куга — масло — 1973
22. Страв — масло — 1972
23. Мајка — масло 1972



## КАТАЛОГ ЦРТЕЖИ

1. Трпањ — 1971 — туш
2. Пејсаж — 1971 — туш
3. Море — 1970 — туш
4. Море — 1970 — туш
5. Модел — 1971 — туш
6. Скопје — 1973 — туш
7. Сликар — 1973 — туш
8. Фиренца — 1973 — туш
9. Темен пејсаж — 1972 — туш
10. Цртеж — 1973 — туш
11. Соба — 1972 — туш
12. Академија — 1972 — туш
13. Жед — 1972 — туш
14. Манастир — 1973 — туш
15. Пејсаж — 1972 — туш
16. Кастело — 1973 — туш
17. Мајка — 1972 — туш
18. Цртеж 1 — туш
19. Орман — 1972 — туш
20. Пладне — 1972 — туш
21. Фиренца — 1973 — туш
22. Поворка — 1971 — туш
23. Цртеж — 1972 — туш
24. Композиција — 1973 — туш
25. Мљет — 1973 — туш